РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ

Сектор за макроекономска политика



# КРАТКОРОЧНИ ЕКОНОМСКИ ДВИЖЕЊА

декември, 2017 година

# СОДРЖИНА


Резиме ... 2

I. Реален сектор

Индустриско производство ... 3

Број на работници во индустријата ... 4

Деловни тенденции во преработувачката индустрија ... 5

Број на издадени одобренија за градење и предвидена вредност на објектите ... 6

Инфлација ... 6

Берзански цени ... 8

2. Надворешно-трговска размена

Извоз ... 9

Увоз ... 10

Салдо на трговска размена ... 11

Валутна структура ... 11

3. Фискален сектор

Буџетски приходи според економската класификација ... 12

Приходи по буџетски корисници ... 13

Буџетски расходи според економската класификација ... 14

Расходи по буџетски корисници ... 15

Буџетско салдо ... 18

4. Социјален сектор

Нововработени и регистрирани невработени лица во АВРМ ... 18

Плати ... 19

Пензии ... 20

5. Монетарен сектор

Примарни пари ... 21

Депозитен потенцијал ... 21

Кредити на банките ... 22

Каматни стапки на депозитни банки ... 22

Пазар на капитал ... 23

Девизни резерви ... 23

# Р Е З И М Е

## НА НАЈВАЖНИТЕ КРАТКОРОЧНИ ЕКОНОМСКИ ДВИЖЕЊА

декември, 2017 година

- Индустриското производство во декември 2017 година во споредба со декември 2016 година забележа пад од 2,6%;

- Потрошувачките цени во декември 2017 година се зголемија за 2,4% во однос на декември 2016 година, по годишниот раст од 2,2% во ноември 2017 година;

- Во периодот јануари – декември 2017 година извозот забележа раст од 15,7%, а увозот од 11,8%, што резултираше со зголемување на трговскиот дефицит за 2,3%, споредено со истиот период од 2016 година;

- Вкупните приходи на Буџетот во периодот јануари – декември 2017 година изнесуваа 179.688 милиони денари, односно 28,5% од БДП, што претставува поголемо остварување за 6,1% во однос на истиот период од 2016 година;

- Вкупните расходи на Буџетот во периодот јануари – декември 2017 година изнесуваа 196.584 милиони денари, односно 31,2% од БДП, што е за 6,0% повеќе во однос на истиот период лани;

- Вкупните кредити на банките во декември 2017 година се зголемија за 5,7% во споредба со декември 2016 година, а вкупниот депозитен потенцијал на банките оствари раст од 5,4%.

# 1. РЕАЛЕН СЕКТОР

## Индустриско производство

Во декември 2017 година, индустриското производство забележа пад од 2,6% во споредба со декември 2016 година. Падот се должи на намалувањето на производството во секторот Преработувачка индустрија од 1,5% и вкупен придонес во падот од 1,3 п.п., како и во секторот Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација од 11,2% и придонес во падот од 0,9 п.п.. Растот во секторот Рударство и вадење камен од 1,8% со позитивен придонес од 0,2 п.п. е доволен само за ублажување на падот на вкупното производство.

Графикон 1.1. Индустриско производство; Извор: ДЗС




Податоците од анализата по гранки укажуваат дека раст е забележан кај 13 од вкупно 27 гранки кои учествуваат со 44,5% во структурата на индустриското производство. Двоцифрен раст е забележан кај 6 гранки кои придонесуваат со 9,6 п.п. во вкупното производство, но овој ефект е речиси во целост неутализиран со двоцифрениот пад кај 11 гранки со придонес од -9,0 п.п.. Висок раст и натаму бележи производството на високотехнолошки производи, како што се електричната опрема, машините, уредите и моторните возила, додека традиционалните гранки бележат значителен пад. Кај гранките со двоцифрено учество во структурата, производството на машини и уреди порасна за 26,9% (придонес од 2,9 п.п.), а производството на прехранбени производи опадна за 12,0% (придонес од -1,4 п.п.).

Кај поделбата на производството по наменски групи, раст бележи производството во групите Капитални производи од 22,4% (придонес од 4,5 п.п.) и Трајни производи за широка потрошувачка од 46,6% (придонес од 1,6 п.п.), но нивниот позитивен придонес речиси во целост е неутрализиран со падот во групата Нетрајни производи за широка потрошувачка од 15,8%

Графикон 1.2. Придонес на секторите на индустриското производство; Извор: ДЗС



(придонес од -5,7 п.п.), како група со најголемо учество во структурата. Намалување на производството е забележано и кај групите Енергија од 10,1% (придонес од -1,0 п.п.) и Интермедијарни производи, освен енергија од 2,1% (придонес од -0,7 п.п.).

Согласно кумулативните податоци за движењето на индустриското производство во 2017 година, индустриското производство бележи раст од 0,2%, што во целост се должи на зголеменото производство во секторот Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација од 6,8% и придонес од 0,5 п.п., но истиот е

Графикон 1.3а. Гранки со најголем позитивен придонес во растот за месецот




Графикон 1.3б. Гранки со најголем негативен придонес во растот за месецот




ублажен со падот во секторите Преработувачка индустрија од 0,2% и негативен придонес од 0,2 п.п., како и Рударство и вадење камен од 1,8% и негативен придонес од 0,2 п.п..

Секторската анализа укажува на раст кај 12 од вкупно 27 гранки кои сочинуваат 50,6% во структурата на индустриското производство, што пак укажува на тоа дека гранките со раст на производството во просек имаат и поголемо учество од оние кај кои е забележан пад. Кај гранките со двоцифрено учество во структурата, производството на машини и уреди порасна за 13,5% (придонес од 1,5 п.п.), додека производството на прехранбени производи опадна за 3,6% (придонес од -0,4 п.п.).

Анализирано по наменски групи, растот главно е резултат на зголеменото производство во групата Капитални производи од 8,1% (придонес од 1,6 п.п.), а зголемување на производството е забележано и во групите Енергија од 5,2% (придонес од 0,5 п.п.) и Трајни производи за широка потрошувачка од 5,1% (придонес од 0,2 п.п.). Намалување на производството е забележано кај групите Нетрајни производи за широка потрошувачка од 5,2% (придонес од -1,9 п.п.) и Интермедијарни производи, освен енергија од 0,8% (придонес од -0,3 п.п.).

## Број на работници во индустријата

Бројот на работници во индустријата на годишно ниво во декември 2017 година забележа раст од 5,2%. Растот се должи исклучиво на зголемениот број работници во секторот Преработувачка индустрија од 6,0%, додека во секторите Рударство и вадење камен и Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација е забележан пад од 1,5% односно 0,7%.

На кумулативна основа, бројот на работници во индустријата во 2017 година во споредба со 2016 година е зголемен за 2,3%. Раст е забележан единствено во секторот Преработувачка индустрија од 2,7%, додека пад има кај секторите Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација од 0,6% и Рударство и вадење камен од 0,2%.

Податоците за бројот на работници во индустријата по наменски групи во декември 2017 година во однос на истиот период минатата година покажуваат дека зголемување на бројот на работници има кај групите: Капитални производи од 18,4%, Интермедијарни производи, освен енергија од 13,1% и Трајни производи за широка потрошувачка од 1,2%. Од друга страна, пад е забележан во групите Нетрајни производи за широка потрошувачка од 1,2% и Енергија од 1,0%.

Графикон 1.4. Стапка на раст на бројот на работници и продуктивноста во индустријата; Извор: ДЗС и пресметки на МФ




На кумулативна основа, во 2017 година во однос на 2016 година, бројот на работници е зголемен кај групите: Капитални производи од 12,2%, Интермедијарни производи, освен енергија од 7,1%, Трајни производи за широка потрошувачка од 3,1% и Енергија од 0,2%. Намалување на бројот на работници е забележано единствено во групата Нетрајни производи за широка потрошувачка од 2,3%.

## Деловни тенденции во преработувачката индустрија

Економската состојба на деловните субјекти во декември 2017 година е поповолна во однос на ноември 2017 година, како и во однос на истиот месец од 2016 година.

Просечното искористување на капацитетите на деловните субјекти во декември изнесува 66,3%, што претставува намалување во однос на претходниот месец, кога изнесувало 66,6%. Споредено со декември 2016 година, искористеноста на капацитетите е намалена за 0,3 п.п..

Најголемо влијание врз ограничувањето на обемот на производството во декември 2017 година имаат следните фактори: недоволната странска побарувачка со 21,4%, недоволната домашна побарувачка со 19,6%, недостигот на квалификувана работна сила со 19,4%, неизвесното економско опкружување со 11,7%, финансиските проблеми со 9,2% и конкурентниот увоз со 7,4%.

Состојбата на обезбеденоста на производството со порачки во декември 2017 година на месечно ниво е поповолна, очекувањата за обемот на производството во наредните три месеци се поповолни споредено со претходниот месец, а залихите на готови производи на месечно ниво се намалени.

## Број на издадени одобренија за градење и предвидена вредност на објектите

Во декември 2017 година издадени се вкупно 257 одобренија за градење, што претставува намалување од 22,8% на годишна основа. Споредено со претходниот месец, кога биле издадени 229 одобренија за градење, бројот на издадени одобренија за градење бележи раст од 12,2%. Предвидената вредност на објектите според издадените одобренија за градење во декември 2017 година во однос на истиот месец претходната година е намалена за 76,7%. Во споредба со ноември 2017 година, вредноста на објектите е зголемена за 5,9%.

Графикон 1.5. Број на издадени одобренија за градење и предвидена вредност на работите; Извор: ДЗС




Анализирано по видови објекти, од вкупниот број издадени одобренија за градење, 155 (или 60,3%) се наменети за објекти од високоградба, 19 (или 7,4%) за објекти од нискоградба и 83 (или 32,3%) за објекти за реконструкција.

Графикон 1.6. Број на издадени одобренија за градење по региони, во декември 2017 година; Извор: ДЗС




Анализирано по типови инвеститори, од вкупно 257 издадени одобренија за градба, на 184 објекти (или 71,6%) како инвеститори се јавуваат физички лица, а на 73 објекти (или 28,4%) инвеститори се деловни субјекти.

Во декември 2017 година предвидена е изградба на 209 станови, со вкупна корисна површина од 25.413 м$^2$. Бројот на предвидени станови за изградба на месечна основа е намален за 31,7%, а во однос на декември 2016 година за 50,1%.

## Инфлација

Потрошувачките цени во декември 2017 година се зголемија за 2,4% во однос на декември 2016 година, по годишниот раст од 2,2% во ноември 2017 година. Просечната стапка на инфлација во периодот јануари - декември 2017 година изнесува 1,5%.

Категоријата Храна и безалкохолни пијалаци, која има најголемо учество при пресметката на Индексот на трошоците на животот, во декември забележа

годишен раст на цените од 2,0%, при што највисок раст имаа цените на овошјето (за 14,0%) и кафе, чај и какао (за 5,8%).




Највисок годишен раст на цените во декември 2017 година е забележан во категоријата Комуникации од 9,5%, следена со порастот на цените во категориите: Транспорт од 8,4%, Алкохолни пијалаци, тутун и наркотици од 7,0%, Ресторани и хотели од 4,2%, Рекреација и култура од 2,5%, Здравје од 0,6%, Мебел, покуќнина и одржување на покуќнина од 0,3% и Домување, вода, електрика, гас и други горива од 0,2%.

Годишен пад на цените во декември е регистриран во категориите: Останати стоки и услуги од 0,7%, Облека и обувки од 0,3% и Образование од 0,1%.




Потрошувачките цени во декември 2017 година се зголемија за 0,1% во однос на претходниот месец. Притоа, раст на цените на месечна основа е регистриран во категориите: Транспорт од 1,0%, Здравје од 0,7%, Рекреација и култура од 0,4%, Ресторани и хотели од 0,3%, Мебел, покуќнина и одржување на покуќнина од 0,2% и Останати стоки и услуги од 0,1%.

Намалување на цените е забележано во категоријата Облека и обувки за 0,7% на месечно ниво.

Цените во категориите: Храна и безалкохолни пијалаци, Алкохолни пијалаци, тутун и наркотици, Домување, вода, електрика, гас и други горива, Комуникации и Образование останаа непроменети.

Цените на мало во декември 2017 година во однос на истиот месец претходната година се зголемени за 4,9%, а на месечна основа цените на мало се зголемени за 0,4%. Цените на мало во периодот јануари - декември 2017 година се повисоки за 3,0%.

## Берзански цени

Цената на суровата нафта (Brent) на светските берзи во декември 2017 година во однос на ноември 2017 година забележа раст од 2,6% и изнесуваше 64,2 долара за барел. На годишна основа, цената на нафтата се зголеми за 18,8%. Цената на природниот гас во декември 2017 година споредено со претходниот месец бележи пад од 0,4%.

Графикон 1.9. Сурова нафта (Brent) - Цена и стапка на раст; Извор: Светска банка и пресметки на МФ




Што се однесува до металните производи, никелот како значаен извозен производ, во декември 2017 година се тргуваше со просечна цена од 11.495 долари за еден метрички тон ($/мт) и на месечна основа бележи пад на цената од 4,0%. Во однос на декември 2016 година, цената на никелот порасна за 4,8%. Покрај никелот, месечно намалување на цената во декември забележаа и некои од останатите основни метали. Така, цената на цинкот опадна за 1,0%, на алуминиумот за 0,8% и на калајот за 0,4%. Оловото и бакарот во декември 2017

Графикон 1.10. Берзански цени на метали, во долари; Извор: Светска банка



година споредено со ноември 2017 година бележат раст на цената од 2,0% и 0,1%, соодветно.

Благородните метали во декември 2017 година во однос на претходниот месец бележат пад на цената. Така, цената на среброто се намали за 4,8%, на платината за 2,9% и на златото за 1,4%.

Цената на пченицата на светските берзи во декември 2017 година споредено со ноември истата година се зголеми за 2,5%, а на пченката за 0,2%. Цената на јагнешкото месо во декември на месечна основа порасна за 1,4%.

# *2. НАДВОРЕШНОТРГОВСКА РАЗМЕНА*

Вкупната надворешно - трговска размена во 2017 година изнесува 11.832,1 милион евра, што претставува раст од 13,4% во однос на 2016 година.

Графикон 2.1 Надворешна трговија во 2016 и 2017 година;
Извор: ДЗС




Во 2017 година најголемо учество во вкупната размена има размената на Република Македонија со Европската унија (ЕУ 28), кое изнесува 70,6%, што претставува зголемување од 1,2 п.п. во однос на 2016 година.

## Извоз

Вредноста на извезените стоки во 2017 година изнесува 5.007,2 милиона евра и бележи раст од 15,7% (677,9 милиони евра) во однос на 2016 година, а физичкиот обем на извозот бележи раст од 11,4%.

Графикон 2.2 Структура на извозот по СМТК, во 2017 година;
Извор: ДЗС




Вредноста на извезените стоки во декември 2017 година изнесува 404,1 милион евра и бележи раст од 0,7% (2,9 милиони евра) во однос на истиот месец претходната година, а физичкиот обем на извозот се намали за 27,4%.

Анализирано на месечно ниво, во декември 2017 година извозот бележи пад од 10,3% (46,2 милиона евра) во однос на претходниот месец, а доколку се изврши сезонско прилагодување на извозот, истиот регистрира месечен пад од 5,1%.

Главни групи производи (според СМТК) со најголемо учество во извозот во 2017 година се: хемиски материи и производи, облека, железо и челик, метална руда и отпадоци од метал, пијалаци и тутун и нафта и производи од нафта. Овие шест групи производи сочинуваат 48,9% од вкупниот извоз на државата.




Анализирано според економските групации на земјите, во 2017 година споредено со 2016 година, извозот бележи раст кај сите групации: ЕУ 28, ЕФТА, Организација на земјите - извознички на нафта и нафтени деривати, Западен Балкан, Северноамериканска зона на слободна трговија, Организација за економска соработка на земји од Азиско - пацифичкиот регион и Заедница на независни држави. Извозот во ЕУ 28 бележи раст од 17,4% на годишно ниво, а кај земјите од Западен Балкан истиот бележи раст од 8,9%, при што извозот на стоки во ЕУ 28 и земјите од Западен Балкан во вкупниот извоз на Република Македонија учествува со 81,1% и 11,7% соодветно.

## Увоз

Вредноста на увезените стоки во 2017 година изнесува 6.824,9 милиони евра и бележи раст од 11,8% (718,2 милиона евра) во однос на 2016 година, а физичкиот обем на увозот бележи раст од 0,3%.




Вредноста на увозот во декември 2017 година изнесува 622,2 милиона евра, што претставува раст од 5,0% (29,6 милиони евра) во однос на истиот месец од 2016 година, а увезените количини стоки се намалени за 10,5%.

Анализирано на месечно ниво, во декември 2017 година увозот бележи пад од 0,5% (3,3 милиони евра) во однос на претходниот месец, а доколку се изврши сезонско прилагодување на увозот, истиот регистрира месечен пад од 5,2%.

Табела 2.1. Преглед на извозот и увозот на селектирани групи производи

| Извоз на нафта и производи од нафта*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I - XII - 2016 | I - XII - 2017 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 106,3 | 117,0 | 10,7 | 10,1 |
| Мил. ЕУР | 39,1 | 48,3 | 9,2 | 23,5 |
| Мил.$ | 43,2 | 54,8 | 11,6 | 26,8 |

| Увоз на нафта и производи од нафта*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I - XII - 2016 | I - XII - 2017 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 1.042,3 | 1.004,3 | -38,1 | -3,7 |
| Мил. ЕУР | 379,0 | 443,9 | 65,0 | 17,1 |
| Мил.$ | 418,8 | 502,5 | 83,7 | 20,0 |

*)Претходни податоци

| Извоз на хемиски производи*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I - XII - 2016 | I - XII - 2017 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 16,5 | 35,1 | 18,7 | 113,4 |
| Мил. ЕУР | 883,4 | 1.031,6 | 148,2 | 16,8 |
| Мил.$ | 977,3 | 1.166,7 | 189,5 | 19,4 |

| Увоз на хемиски производи*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I - XII - 2016 | I - XII - 2017 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 30,8 | 30,3 | -0,5 | -1,5 |
| Мил. ЕУР | 163,0 | 179,6 | 16,6 | 10,2 |
| Мил.$ | 180,7 | 202,7 | 22,1 | 12,2 |

*)Претходни податоци

| Извоз на железо и челик *) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I - XII - 2016 | I - XII - 2017 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 655.5 | 688.5 | 33.0 | 5.0 |
| Мил. ЕУР | 411.9 | 435.6 | 23.7 | 5.8 |
| Мил.$ | 455.2 | 492.4 | 37.2 | 8.2 |

| Увоз на железо и челик*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I - XII - 2016 | I - XII - 2017 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 788.0 | 726.2 | -61.8 | -7.8 |
| Мил. ЕУР | 316.9 | 373.6 | 56.7 | 17.9 |
| Мил.$ | 350.6 | 422.6 | 72.0 | 20.5 |

*)Претходни податоци

## Салдо на трговска размена

Во 2017 година, трговскиот дефицит се зголеми за 2,3% односно 40,3 милиони евра споредено со 2016 година.

Графикон 2.5 Надворешно трговска размена на РМ (во милиони евра); Извор: ДЗС




Во декември 2017 година трговскиот дефицит се зголеми за 14,0% односно 26,7 милиони евра споредено со декември 2016 година.

Доколку салдото на извозот и увозот на стоки го анализираме по економска намена, зголемувањето на дефицитот е резултат од проширувањето на негативното салдо во размената со горива и мазива, храна и пијалаци и индустриски набавки. Од друга страна, кон намалување на дефицитот дејствуваше стеснувањето на негативното салдо во размената со стоки за инвестиции без транспортна опрема, како и проширувањето на позитивното салдо во размената со транспортна опрема и стоки за широка потрошувачка.

Во 2017 година 87,8% од трговскиот дефицит на земјата е остварен во размената со Велика Британија, Грција, Кина и Србија, а потоа следуваат: Турција, Јужна Африка, Италија, Полска, Унгарија, САД и други. Суфицит е остварен во размената со Германија, Косово, Белгија, Шпанија и Бугарија.

## Валутна структура

Гледано по валутна структура, 87,6% од трговската размена во 2017 година е реализирана во евра, што во однос на 2016 година претставува зголемување од 1,0 п.п.. На страната на извозот и увозот, еврото е застапено со 93,3% и 83,4%, соодветно, при што застапеноста на еврото во извозот е зголемена за 0,5 п.п., додека застапеноста на еврото кај увозот е зголемена за 1,3 п.п. во однос на 2016 година.

Табела 2.2 Надворешно трговска размена на Република Македонија (по валути); пресметки на МФ

| увоз | I - XII - 2016 | | | | | I - XII - 2017 | | | | | апсолутна промена во валутна вредност | релативна промена во валутна вредност (во%) |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| валута | колич. 000 t | увоз во валута | просечен курс на денарот во однос на валутите | увоз во денари | структ. во% | колич. 000 т | увоз во валута | просечен курс на денарот во однос на валутите | увоз во денари | структ. во% | | |
| ЕУР | 4.456,5 | 5.013.182.031 | 61,5950 | 308.786.947.193 | 82,1 | 4.454,0 | 5.688.780.396 | 61,5743 | 350.282.670.768 | 83,4 | 675.598.366 | 13,5 |
| УСД | 1.503,1 | 1.144.480.434 | 55,6860 | 63.731.537.473 | 16,9 | 1.526,2 | 1.215.589.046 | 54,6450 | 66.425.863.438 | 15,8 | 71.108.612 | 6,2 |
| ГБП | 5,9 | 21.338.578 | 75,4811 | 1.610.659.328 | 0,4 | 5,3 | 25.188.061 | 70,2932 | 1.770.549.404 | 0,4 | 3.849.483 | 18,0 |
| ЕУР+УСД+ГБП | 5.965,5 | | | 374.129.143.994 | 99,0 | 5.985,5 | | | 418.479.083.610 | 99,6 | | |
| вк извоз: | 5.979,7 | | | 376.130.328.145 | 100,0 | 6.000,3 | | | 420.245.580.819 | 100,0 | | 11,7 |

Извор: Државен завод за статистика и НБРМ

# 3. ФИСКАЛЕН СЕКТОР

## Буџетски приходи според економската класификација

Вкупните приходи на Буџетот во периодот јануари – декември 2017 година изнесуваа 179.688 милиони денари, односно 28,5% од БДП, што претставува поголемо остварување за 6,1% во однос на истиот период од 2016 година.

Даночните приходи во наведениот период се реализирани во износ од 103.217 милиони денари, односно 16,4% од БДП и во однос на истиот период од 2016 година се зголемени за 4,8%.

Графикон 3.1.Одделни категории приходи (во милиони денари);

Извор: МФ




Данокот на додадена вредност е остварен во износ од 47.870 милиони денари, што претставува зголемување за 4,2% во однос на минатата година, со доминантно учеството во вкупните даночни приходи од 46,4%. Притоа, ДДВ е наплатен во бруто износ од 68.532 милиона денари, од кои на даночните обврзници им е извршен поврат во износ од 20.662 милиона денари (бруто наплатата е повисока за 5,1%, додека повратот по основ на ДДВ е повисок за 7,4% споредено со истиот период во 2016 година што претставува значително зголемување). Во структурата на ДДВ најголемо е учеството на ДДВ при увоз кој забележува поголемо остварување за 9,4%, додека ДДВ од прометот во земјата забележа

намалување од 2,6%. ДДВ од донации, чие учество е незначително, забележа поголемо остварување за 33,8%.

Акцизите се остварени во износ од 23.094 милиони денари (учество од 22,4% во даночните приходи), што претставува зголемување од 4,0%. Така, од овие два индиректни данока вкупно се остварени приходи од 70.964 милиони денари, што претставува 68,8% од вкупните даночни приходи во овој период од 2017 година.

Приходите од персоналниот данок се остварени во износ од 15.264 милиони денари и забележуваат раст од 7,5% на годишна основа, при што 2/3, односно 65,5% од персоналниот данок претставува приходот од данокот на плати и други лични примања, 8,6% од приходи од капитал, 6,7% од приходи од игри на среќа и наградни игри, 6,6% од приходи по основ на договор на дело, 3,4% од приходи од имот и имотни права и 1,6% од приходи од земјоделство и шумарство. Приходите од данокот од добивка во периодот јануари - декември 2017 година изнесуваа 11.353 милиони денари и забележаа поголемо остварување за 5,4% во однос на истиот период претходната година, што е главно резултат на данокот наплатен по основ на месечни аконтации (зголемување од 13,3%), дивиденда и друга распределба (зголемување од 10,7%) и на задржаниот данок за странски правни лица (зголемување од 15,5%), додека намалување бележат доплатите по даночни биланси (намалување од 13,1%).

Приходите од царина беа остварени во износ од 5.174 милиони денари и забележаа зголемување од 8,7%. Приходите од други даноци со остварен износ од 462 милиона денари забележаа помало остварување за 17,4% во однос на минатата година.

Социјалните придонеси од плата се остварени во износ од 52.890 милиони денари, што претставува поголемо остварување за 5,2% споредено со истиот период од 2016 година, при што наплатата кај придонесите за пензиско осигурување е повисока за 5,3%, кај придонесите за вработување за 5,1% и кај придонесите за здравствено осигурување за 4,8%.

Неданочните приходи беа остварени во износ од 13.411 милиони денари и во однос на истиот период во 2016 година забележаа поголемо остварување од 3,2% (во овие приходи се приходите од профит од јавни институции, административни такси и глоби, концесии и др.).

Капиталните приходи реализирани по основ на продажба на градежно земјиште, станови и дивиденди се остварија во износ од 1.316 милиони денари, што претставува намалување од 33,4% во однос на истиот период претходната година.

Приходите од странски донации од меѓународна и билатерална соработка се остварија во износ од 7.171 милион денари, односно за 96,6% повеќе во однос на истиот период лани.

## Приходи по буџетски корисници

Буџетските приходи, односно приливот на средства во Централниот буџет се остваруваат главно преку Министерството за финансии – функции на државата и

во периодот јануари - декември 2017 година тие изнесуваат 136,3 милијарди денари, односно 91,8% од приходите на сите буџетски корисници, а претставуваат 89,5% од годишниот план на овој буџетски корисник.

Во рамки на Министерството за финансии – функции на државата преовладуваат даночните приходи кои претставуваат 74,9% од вкупните приходи и прилив на овој буџетски корисник, при што нивната наплата до декември достигна 98,2% од годишниот план. Приливот на средства по основ на домашно задолжување во овој период изнесува 20,1 милијарда денари, што претставува 14,7% од вкупниот износ на овој буџетски корисник.




Следен буџетски корисник со најголеми приходи и прилив на средства е Министерството за образование и наука кое има остварено приходи во износ од 3,1 милијарда денари, односно 2,1% од приходите и приливот на средства на сите буџетски корисници и најголемиот дел од тој износ, односно 84,7% претставуваат неданочни приходи, главно по основ на такси и надоместоци.

Министерството за транспорт и врски оствари приходи кои изнесуваат 2,4 милијарди денари, односно 1,6% од приходите и приливите на сите буџетски корисници, а претставуваат главно приходи од заеми, односно се остварени во вид на задолжување од странство. Останатите буџетски корисници збирно имаат остварено 4,5% од вкупните приходи и приливи. Деталните податоци за секој буџетски корисник се прикажани во статистичкиот прилог на следниот линк (*http://finance.gov.mk/mk/node/693*).

Во однос на буџетските фондови, најмногу приходи остварува Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија, кои во периодот јануари - декември 2017 година изнесуваат 65,3 милијарди денари и претставуваат 100,2% од годишниот план на Фондот.

## Буџетски расходи според економската класификација

Вкупните расходи на Буџетот во периодот јануари – декември 2017 година изнесуваа 196.584 милиони денари, односно 31,2% од БДП, што е за 6,0% повеќе во однос на истиот период од 2016 година.

Во структурата на реализираните вкупни расходи, тековните расходи во износ од 176.721 милион денари учествуваа со 89,9% (28,0% од БДП) и се зголемени за 4,9% во однос на истиот период во 2016 година.

Платите и надоместоците беа реализирани во износ од 26.204 милиони денари и нивното структурно учество во вкупните расходи на Буџетот изнесува 13,3% и во однос на 2016 година се зголемени за 0,9%.

Расходите за стоки и услуги изнесуваа 15.346 милиони денари и споредено со истиот период од 2016 година забележаа намалување од 8,1%.




Доминантно учество во тековните расходни ставки имаа трансферите кои изнесуваа 126.762 милиона денари (20,1% од БДП). Средствата за трансфери забележаа поголема реализација за 6,6% споредено со истиот период во 2016 година и учествуваа со 64,5% во вкупните расходи.

Средствата за социјални трансфери изнесуваа 94.689 милиони денари, забележаа раст од 6,4% и учествуваа со 48,2% во вкупните расходи. Трансферите кон Фондот на пензиското и инвалидското осигурување, кои зафаќаат најголем дел од социјалните трансфери, се реализирани во износ од 58.084 милиони денари, што е зголемување за 6,3% споредено со истиот период од 2016 година и учествуваат со 29,5% во вкупните расходи. Учеството на категоријата други трансфери, кои ги вклучуваат трансферите кон единиците на локалната самоуправа, во вкупните расходи изнесува 15,4%, односно забележаа поголема реализација за 6,3%. Блок дотациите кон единиците за локална самоуправа во износ од 14.947 милиони денари забележаа зголемување од 1,1%, во споредба со истиот период претходната година. Субвенциите и трансферите беа остварени за 12,3% повеќе.

Каматните расходи изнесуваа 8.409 милиони денари, што е за 23,7% повеќе во споредба со истиот период од 2016 година. Расходите за камати од домашно задолжување беа зголемени за 9,7%, додека каматите од странско задолжување беа зголемени за 32,3%.

Во анализираниот период, средствата за капитални расходи беа реализирани во износ од 19.863 милиони денари со структурно учество од 10,1% во вкупните расходи (3,1% учество во БДП), односно забележаа поголема реализација за 17,0% во споредба со истиот период лани.

## Расходи по буџетски корисници

Во продолжение е даден осврт на буџетските расходи за најголемите буџетски корисници, чиј вкупен годишен буџет претставува 85% од вкупниот буџет на сите буџетски корисници.

Министерството за труд и социјална политика во периодот јануари – декември 2017 година реализираше 42,2 милијарди денари или 99,7% од вкупниот буџет за 2017 година. Притоа, најголем дел (73,5%) од расходите во овој период се наменети за тековни трансфери до вонбуџетските фондови, за што се потрошени 31,0 милијарда денари или 99,9% од средствата наменети за 2017 година. Втора најзначајна расходна ставка се социјалните бенефиции, кои учествуваат со 19,0% во вкупните расходи. За оваа намена реализирани се 99,9% (8,0 милијарди денари) од планираните за 2017 година.

Во периодот јануари – декември 2017 година преку разделот Министерство за финансии - функции на држава[1] реализирани се 37,8 милијарди денари, што претставува 95,7% од годишниот буџет. Најголем дел од расходите или 46,1% отпаѓаат на отплата на главнина, за што во периодот јануари – декември 2017 година се потрошени 17,4 милијарди денари, односно 96,0% од средствата планирани за оваа намена во 2017 година. По основ на каматни плаќања отпаѓаат 22,2% од вкупните расходи, за што се реализирани 8,4 милијарди денари или 105,0% од планираното. Трета најзначајна ставка со учество од 20,1% се капиталните расходи, за што се потрошени 7,6 милијарди денари или 87,5% од годишниот план.

Министерство за образование и наука во периодот јануари – декември 2017 година изврши буџетски средства во износ од 22,1 милијарда денари, што е 92,7% од вкупниот буџет за 2017 година. Најголем дел од расходите (59,0%) претставуваат тековни трансфери до ЕЛС, за што се потрошени 13,0 милијарди денари или 100,0% од вкупно планираните средства. Стоки и услуги се втора најзначајна ставка со учество од 15,4%, за што се потрошени 3,4 милијарди денари, односно 77,7% од вкупно предвидените. За плати и надоместоци (кои учествуваат со 14,9% во вкупните расходи) се реализирани 3,3 милијарди денари, што претставува 98,1% од вкупно предвидените средства за тековната година.

Графикон 3.4. Структура на расходите по буџетски корисници за I-XII 2017 година (во %); Извор : МФ




Во периодот јануари – декември 2017 година од страна на Министерството за внатрешни работи реализирани се вкупно 10 милијарди денари, што претставува 97,6% од сопствениот буџет за 2017 година. Најзначајна расходна ставка претставуваат плати и надоместоци со учество од 72,3%, за што се потрошени 7,3

[1] Во рамките на разделот *функции на држава* опфатени се следниве активности: навремено сервисирање на обврските (отплата на камата и главнина) на државата по основ на домашно и странско задолжување; редовна исплата на оперативните трошоци на државата по претходно доставена документација за исплата; учество во капиталот на меѓународни финансиски институции; плаќање ДДВ по основ на капитални инвестиции финансирани од донации, финансирање на проектите од поодделните компоненти од ИПА (национално ко-финансирање и ИПА средствата од ЕУ). Исто така, во рамките на овој раздел, а согласно со Законот за буџетите на Република Македонија и Законот за извршување на Буџетот, предвидени се средства за покривање елементарни непогоди и средства за финансирање на непредвидените расходи во текот на фискалната година.

милијарди денари или 99,9% од планираното. Втора најзначајна ставка се стоки и услуги со учество од 16,4%, за што се реализирани 1,6 милијарди денари или 95,7% од годишниот план.

Во 2017 година Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој реализираше средства во износ од 7,8 милијарди денари, што претставува 94,4% од планираните средства за тековната година. Најзначајна расходна ставка претставува субвенции и трансфери (со учество од 84,3%), за што во анализираниот период се извршени 6,6 милијарди денари или 98,3% од планираното. Капиталните расходи учествуваат со 14,6% во вкупните расходи, за што во периодот јануари – декември 2017 година се реализирани 1,1 милијарда денари или 76,5% од годишниот план.

Министерство за здравство во 2017 година реализираше буџетски средства во износ од 5,2 милијарди денари, што е 88,0% од вкупниот буџет за 2017 година. Тековните трансфери до вонбуџетските фондови имаат најголемо учество во расходите со 46,2%, за што се потрошени 2,4 милијарди денари или 100,0% од средствата наменети за 2017 година. Стоките и услугите се втора најзначајна ставка со учество од 31,9% во вкупните расходи, а во анализираниот период за оваа намена се потрошени 1,7 милијарди денари, односно 88,1% од вкупно предвидените. Реализацијата на капиталните расходи (кои учествуваат со 19,8% во вкупните расходи) изнесува 69,0% односно извршена е 1 милијарда денари.

Министерство за одбрана во периодот јануари – декември 2017 година изврши буџетски средства во износ од 5,4 милијарди денари, што е 97,7% од вкупниот буџет за 2017 година. Платите и надоместоците имаат најголемо учество со 64,5%, за што во 2017 година се реализирани 3,5 милијарди денари, што претставува 99,8% од вкупно предвидените средства за тековната година. Стоките и услугите учествуваат со 23,6% во вкупните расходи, за што во анализираниот период се потрошени 1,3 милијарди денари, односно 94,4% од вкупно предвидените.

Министерство за транспорт и врски во периодот јануари – декември 2017 година реализираше средства во износ од 3,8 милијарди денари, што е 86,3% од вкупниот буџет за 2017 година. Капиталните расходи имаат највисоко учество во вкупните расходи со 78,5%, а нивната реализација изнесува 84,5%, односно извршени се 3,0 милијарди денари.

За Финансирање на дејностите од областа на културата[2] во периодот јануари – декември 2017 година извршени се средства во износ од 4,7 милијарди денари, што е 96,0% од вкупниот буџет за 2017 година. Капиталните расходи имаат највисоко учество во вкупните расходи со 44,2%, а нивната реализација изнесува 99,7%

2 Со финансирањето на дејностите од областа на културата се поддржуваат програмите на установите од областа на културата во издавачката дејност, библиотекарството, филмската дејност, музичката и сценско-уметничката дејност, заштитата на културното наследство, ликовната и галериската дејност, културно-уметничките манифестации, музејската и кинотечната дејност, меѓународната соработка од областа на културата, поддршката на младите таленти, организациите од областа на културата, децентрализацијата на власта и поинтензивно реализирање на капиталните проекти.

односно извршени се 2,1 милијарда денари. Субвенциите и трансферите учествуваат со 24,7%, а за оваа намена реализирани се 1,2 милијарди денари или 88,7% од планираното. За плати и надоместоци реализирана е 1 милијарда денари, што претставува 99,6% од вкупно предвидените средства за тековната година, а оваа ставка претставува 22,1% од вкупните расходи. Деталните податоци за секој буџетски корисник се прикажани во статистичкиот прилог на следниот линк (*http://finance.gov.mk/mk/node/693*).

## Буџетско салдо

Во периодот јануари – декември 2017 година остварен е дефицит во Буџетот на Република Македонија од 16.896 милиони денари, што претставува 2,7% од БДП, додека дефицитот на Централниот буџет е остварен во износ од 15.079 милиони денари и претставува 2,4% од БДП.

# 4. СОЦИЈАЛЕН СЕКТОР

## Нововработени и регистрирани невработени лица во АВРМ

Во периодот јануари – декември 2017 година во Агенцијата за вработување на Република Македонија регистрирани се вкупно 185.237 нови засновани работни односи. Вкупниот број нововработени во овој период е повисок за 0,2% во однос на истиот период од 2016 година.

Графикон 4.1. Преглед на невработени лица во АВРМ




Од вкупниот број новоработени, 41,2% се вработени на неопределено време, додека останатиот дел се вработени на определено време и за вршење сезонски работи. Од вкупниот број засновани нови работни односи во декември 2017 година 17,6% се од евиденцијата на невработени.

Графикон 4.2 Преглед на новите вработувања; Извор: АВРМ




Вкупниот број невработени лица изнесува 191.837, од кои 102.394 се активни баратели на работа, а 89.443 се останати невработени лица. Во однос на истиот месец претходната година, вкупниот

број невработени лица е намален за 4,5%.

Најголем дел од невработените лица (66,9%) се градско население, а според половата структура 58,5% се мажи. Според степенот на образование, поголемиот дел, односно 57,5% од невработените се со непотполно средно образование или помалку, 28,1% се со завршено средно образование, додека 14,4% имаат вишо или повисоко ниво на образование.

По возрасни групи, најголемиот дел или 48,4% од невработените припаѓаат на возрасната група 25-49 години. Според времето на чекање на вработување, 49,9% од невработените лица чекаат вработување од 1 до 7 години, додека 8,6% чекаат 8 и повеќе години.

## Плати

Просечната номинална нето - плата во ноември 2017 година оствари годишен раст од 3,6%, а во однос на претходниот месец е пониска за 0,7%. Најголем раст на просечната нето - плата се забележува во следните сектори: Преработувачка индустрија (8,9%), Објекти за сместување и сервисни дејности со храна (8,7%) и Земјоделство, шумарство и рибарство (7,6%). Реалните плати во ноември забележаа годишен раст од 1,4%.




Просечната номинална бруто - плата во ноември 2017 година оствари годишен раст од 3,7%, а во однос на претходниот месец е пониска за 0,5%. Најистакнат раст на просечната бруто - плата се забележува во следните сектори: Преработувачка индустрија (9,4%), Објекти за сместување и сервисни дејности со храна (8,2%) и Земјоделство, шумарство и рибарство (7,8%). Реалната бруто-плата забележа годишен раст од 1,4%.




Процентот на вработени што не примиле плата во ноември 2017 година изнесува 1,1% и е за 0,3 п.п. понизок во однос на истиот месец од претходната година, а за 0,5 п.п. понизок во однос на октомври 2017 година.

## Пензии

Во декември 2017 година, во Фондот на пензиското и инвалидското осигурување евидентирани се 310.744 пензионери, што претставува зголемување од 1,6% во однос на истиот период минатата година. На месечно ниво, бројот на корисници на пензија е повисок за 1.802 лица. Од вкупниот број пензионери, 63,5% се корисници на старосна пензија, 24,6% се корисници на семејна пензија и 11,9% се корисници на инвалидска пензија.

Просечната пензија во декември 2017 година изнесува 13.928 денари и е за 1,5% повисока во однос на истиот месец минатата година. Соодносот на просечната пензија со просечната исплатена плата во ноември 2017 година (последни расположливи податоци) изнесува 60,0%.

Графикон 4.5 Вкупен број на пензионери и просечна исплата на пензии; Извор: ФПИОМ




Просечната старосна пензија во декември изнесува 15.229 денари, просечната инвалидска пензија изнесува 12.641 денар, а просечната семејна пензија 11.190 денари. За исплата на пензиите во декември 2017 година се потрошени 4.236,49 милиони денари, што претставува 50,4% од вкупните социјални трансфери.

# *5. МОНЕТАРЕН СЕКТОР*

Во декември 2017 година, Народна банка на Република Македонија ја задржа основната каматна стапка на 3,25%, како резултат на постојаното стабилизирање на очекувањата и на довербата на економските субјекти, како и на растот на структурната ликвидност на банкарскиот сектор.

Графикон 5.1. Валутна структура на депозити и кредити во декември 2017 година; Извор: НБРМ




Каматната стапка на расположливите депозити на 7 дена остана непроменета во однос на минатиот месец и изнесува 0,5%.

## Примарни пари

Во декември 2017 година, примарните пари[3] регистрираа раст од 6,4% на годишна основа, во услови на раст на готовите пари во оптек и вкупните ликвидни средства на банките од 5,2% и 7,7%, соодветно.

На месечно ниво, примарните пари регистрираа раст од 6,0%, како резултат на зголемувањето на готовите пари во оптек и вкупните ликвидни средства на банките за 7,9% и 4,1%, соодветно.

## Депозитен потенцијал

Во декември 2017 година, вкупните депозити на банките регистрираа раст од 3,7% на месечно ниво. Секторската анализа укажува дека споредено со претходниот месец, депозитите на приватните претпријатија се зголемија за 7,4%, а депозитите на домаќинствата за 3,2%.

Од аспект на валутата, во декември 2017 година споредено со претходниот месец, депозитите во домашна валута се зголемија за 5,7%, додека депозитите во странска валута за 1,0%.

Вкупниот депозитен потенцијал во декември 2017 година оствари раст од 5,4% на годишна основа. Анализирано според валутата, депозитите во домашна валута и депозитите во странска валута се зголемија за 6,7% и 3,5%, соодветно.

Табела 5.1. Депозитен потенцијал и кредити на приватен сектор;

| **Депозитен потенцијал и кредити на приватен сектор (декември 2017 година)** | **Во милиони денари** | **Месечна промена** | **Годишна промена** |
|---|---|---|---|
| | | | |
| **Депозитен потенцијал** | **339.315** | **3,7%** | **5,4%** |
| Денари | *202.182* | 5,7% | 6,7% |
| Странска валута | *137.133* | 1,0% | 3,5% |
| Краткорочни | *152.781* | 1,8% | -0,9% |
| Долгорочни | *93.893* | 1,6% | 9,5% |
| | | | |
| **Кредити на приватен сектор** | **298.672** | **3,0%** | **5,7%** |
| Денари | *250.053* | 3,0% | 7,6% |
| Странска валута | *48.619* | 3,0% | -3,0% |
| Краткорочни | *66.224* | 9,9% | 2,3% |
| Долгорочни | *212.262* | 1,9% | 7,2% |
| Сомнителни и спорни побарувања | *18.743* | -6,2% | 3,0% |

Извор: НБРМ

Од аспект на секторот, на годишно ниво депозитите на претпријатијата овој месец

[3]Примарните пари се пресметани како збир од готовите пари во оптек (вклучително и готовината во благајна), задолжителната резерва во денари и во девизи и вишокот ликвидни средства над обврската за задолжителна резерва (во денари).

бележат раст од 0,7%, а депозитите на домаќинствата од 6,1%.

Според рочноста, на годишно ниво краткорочните депозити се намалија за 0,9%, а долгорочните депозити регистрираа зголемување од 9,5%.

Валутната структура на депозитите и понатаму е стабилна, при што депозитите во домашна валута имаат поголемо учество во депозитната база кое изнесува 59,6%.

## Кредити на банките

Во декември 2017 година, вкупните кредити на банките кон приватниот сектор се зголемија за 3,0% во споредба со минатиот месец. Секторската анализа укажува дека во декември кредитите кон претпријатијата се зголемија за 5,3%, а кредитите кон домаќинствата регистрираа раст од 0,1%. Од аспект на валутата, во декември 2017 година, на месечно ниво денарските и девизните кредити регистрираа раст од по 3,0%.

Графикон 5.2. Стапки на раст на депозити и кредити (м/м-12); Извор: НБРМ




На годишна основа, во декември 2017 година вкупните кредити се зголемија за 5,7%, во услови на раст на кредитите на домаќинствата за 9,2% и раст на кредитите кон претпријатијата за 2,6%. Кредитите во домашна валута се зголемија за 7,6%, додека кредитите во странска валута регистрираа пад од 3,0%.

Од аспект на рочноста, долгорочните кредити бележат годишен раст од 7,2%, а краткорочните кредити се зголемија за 2,3%.

## Каматни стапки на депозитни банки

Во декември 2017 година, вкупната каматна стапка на кредитите се намали за 0,1 п.п. во споредба со претходниот месец и изнесува 5,7%. Каматните стапки на денарските и девизните кредити се намалија за по 0,1 п.п. на месечно ниво и изнесуваат 5,9% и 4,7%, соодветно.

Графикон 5.3. Каматни стапки на депозитни банки, декември 2017 година; Извор:НБРМ




Вкупната каматна стапка на депозитите во декември изнесува 1,5% и е непроменета во однос на минатиот месец. Каматната стапка на денарските депозити се намали за 0,1 п.п. во споредба со минатиот месец и изнесува 2,1%,

додека каматната стапка на девизните депозити остана непроменета на месечно ниво и изнесува 0,8%.

## Пазар на капитал

На пазарот на капитал, во декември 2017 година вкупниот промет на берзата регистрираше пад од 63,4% на месечно ниво, како резултат на намалувањето на прометот од блок трансакциите за 89,8%, додека прометот од класичното тргување се зголеми за 46,1%.

Графикон 5.4. Вкупен промет на берза и МБИ 10; Извор: Македонска берза




Вкупниот промет на берзата во декември 2017 година изнесуваше 276 милиони денари и истиот е намален за 10,8% на годишно ниво. Македонскиот берзански индекс МБИ-10 на крајот на декември 2017 година изнесуваше 2.538,86 индексни поени, при што на месечно ниво индексот е намален за 0,2%, а во однос на истиот месец претходната година е повисок за 18,9%.

## Девизни резерви

Бруто девизните резерви на крајот на декември 2017 година изнесуваа 2.336,3 милиони евра и во однос на претходниот месец се зголемени за 62,6 милиони евра, додека во однос на декември 2016 година се намалени за 277,2 милиона евра.

Министерство за финансии
Сектор за макроекономска политика
„Даме Груев“ бр. 12, 1000 Скопје
http://www.finance.gov.mk/mk
http://www.finance.gov.mk/mk/node/693